**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи

ПРЕТСТАВНИК: Раководител на Сектор за комунални работи

ПОВЕРЕНИК: Раководител на Одделение за комунални работи од областа на користење и одржување на паркови и зеленило

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А
## за субвенционирање на ЈП Паркови и зеленило – Скопје

**Скопје, декември 2025 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 05/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/24), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија “ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 , 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на __.__.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на ЈП Паркови и зеленило – Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука, Град Скопје му дава субвенции на ЈП Паркови и зеленило – Скопје во износ од 20.000.000,00 (дваесетмилиони) денари, наменети за потешкотии во работењето.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 27- СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

_________2025 година Даме Димитровски

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локална самоуправа утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје (“Службен весник на Република Македонија” број 05/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/24).

Согласно член 8-б од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија “ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 , 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат одредени финансиски поволности од страна на основачот на транспарентен начин.

Бидејќи јавното претпријатие Паркови и зеленило - Скопје е во незавидна состојба, со оваа одлука предвидена е субвенција од 20.000.000,00 (дваесетмилиони) денари за потешкотии во работењето. Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Град Скопје за 2026 година, преку ставката наменета за потешкотии во работењето, од причина што јавното претпријатие се наоѓа во незавидна економска состојба, па согласно на тоа овие средства ќе допринесат за извесна материјална консолидација на јавното претпријатие.

Врз основа на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за субвенционирање на ЈП Паркови и зеленило – Скопје.